# МАКЕДОНСКО-ХРВАТСКИ
# КНИЖЕВНИ, КУЛТУРНИ И ЈАЗИЧНИ ВРСКИ

Зборник на трудови од Меѓународниот научен собир
Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски
одржан во Охрид од 27 до 29 септември 2013

Институт за македонска литература

Скопје, 2014

МАКЕДОНСКО-ХРВАТСКИ

КНИЖЕВНИ, КУЛТУРНИ И ЈАЗИЧНИ ВРСКИ

Зборник на трудови од IV Меѓународен научен собир
Македонско-хрватски книжевни, културни и јазични врски
одржан во Охрид од 27 до 29 септември 2013.

КНИГА IV

**Издавач:** Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Григор Прличев 5, Скопје, Р. Македонија

**За издавачот:** д-р Маја Јакимовска-Тошиќ

**Редакција:** Маја Јакимовска-Тошиќ, Валентина Миронска-Христовска, Наташа Аврамовска, Јасмина Мојсиева-Гушева, Сарита Трајанова, Дарин Ангеловски

**Уредник:** Маја Јакимовска-Тошиќ

**Извршни уредници:** Сарита Трајанова, Дарин Ангеловски

**Рецензенти:** Маја Јакимовска-Тошиќ, Валентина Миронска-Христовска, Јасмина Мојсиева-Гушева, Соња Стојменска-Елзесер, Наташа Аврамовска, Илија Велев, Лорета Георгиевска-Јаковлева, Катица Трајкова, Веселинка Лаброска, Ана Мартиноска, Ленка Татаровска, Александар Прокопиев

**Лектура на македонските текстови:** Сузана В. Спасовска

**Лектура на хрватските текстови:** авторска

**Адреса на Редакцијата:**
Институт за македонска литература, Скопје, Григор Прличев 5, 1000 Скопје

**Компјутерска подготовка и печат:** Винсент Графика, Скопје

**Тираж:** 400 примероци

**Објавувањето на Зборникот финансиски го помогна**
Министерството за култура на Република Македонија

Ministry of Culture
of the Republic of Macedonia

ISBN 978-608-4744-00-9

EAN 9786084744009

СТЕФАН ПАНОВСКИ

# МАКЕДОНСКО-ИЛИРСКИТЕ ОДНОСИ КОН КРАЈОТ НА III ВЕК СТ.Е.

м-р Стефан Пановски, Институт за национална историја,
Универзитет „Св. Кирил и Методиј во Скопје

Изворен научен труд

УДК 327(381:398)„02“
94(381:398)„02“

Целта во овој труд е двојна – прво да се проанализираат односите меѓу Македонија и Илирија во последните децении од III век ст.е., а потоа и да се испита какво влијание имале врз римската политика на Јадранот во овој период. Во овој контекст особено внимание е посветено на договорот меѓу Агрон и Деметриј II, што се чини имал многу поголемо значење и неочекувани последици, одошто вообичаено се смета.

**Клучни зборови:** I Илирска војна, илирска експанзија, Деметриј II, Агрон.

Секој што барем малку се занимавал со историјата на античка Македонија, или пак Илирија, добро знае колку историите на овие два народа биле испреплетени уште од најраните почетоци. Затоа и не изненадува што единствените информации за некои од најраните македонски кралеви се поврзани токму со борбите против Илирите. Непријателствата несомнено кулминираат во IV век ст.е., прво со големите победи на Бардилис над Аминта III и особено Пердика III, а потоа со постојаните и неуморни походи на Филип II. Но, по првичните тешки борби во времето на Александар III, се чини дека барем за некое време, патеките на двата народа тргнуваат во различни насоки, а интензитетот на меѓусебните борби опаѓа. Така од времето на неуспешната офанзива на Касандар во 314-2 г. ст.е. кон Аполонија и Дирахион, речиси 80 години нема никакви информации за евентуалните односи. Кога кон крајот на III век ст.е. доаѓа до повторно интензивирање на односите, политичката состојба од корен е сменета. Од сите промени

што настанале во меѓувреме, од посебно значење за понатамошниот тек на историјата не само на Балканот, туку и воопшто во целото Средоземје е издигнувањето на новата голема сила од другата страна на Јадранското Море. Издигнувањето на Рим, иако во тој момент превидено од повеќето источни сили, наскоро засекогаш ќе ја измени сликата на хеленистичкиот свет, почнувајќи од Балканот, при што први на удар ќе се најдат токму Илирија и Македонија; односите меѓу Македонија и Илирија во овој период се во постојана сенка на облакот што надоаѓал од запад. Поради тоа, мојата цел во овој труд е двојна – прво да се прикажат односите меѓу Илирија и Македонија во периодот 231-216 г. ст.е., а потоа да се испита и дали некои од нив влијаеле врз односите меѓу овие две сили и Рим.

1.

Од офанзивата на Касандар кај Дирахион и Аполонија во 314-312 г. ст.е.,[276] па сè до времето на Деметриј II, не знаеме ништо за односите меѓу Македонија и Илирија. Навистина, на почетокот од III век ст.е. Деметриј Полиоркет за момент ќе ја преземе контролата над Коркира, но како и повеќето негови планови и овој нема да вроди со позначителни резултати. Впрочем, свртувањето на Полиоркет за миг кон јадранското крајбрежје попрво треба да се поврзе со неговите борби против Пир, а не со некакви илирски планови (Wehrli 1969: 176ff.). Според тоа, се чини дека за речиси цел еден век патиштата на двете традиционално непријателски сили тргнуваат по сосема различни патеки. Со оглед на бедната состојба со наративните извори за овој период, овој *argumentum e silentio* не може да се земе како одлучувачки доказ. Меѓутоа, доколку се земат предвид од корен сменетите политички состојби, се чини дека меѓу двете сили навистина немало позначајни контакти (*cf.* Papazoglu 2007: 57). Ваквата состојба може да се објасни со неколку фактори. Пред сè, поместувањето на центарот на илирската држава на север, односно подалеку од Македонија е, секако, една од најважните причини. Од друга страна, соочени со дарданскиот притисок и со потребата постојано да ги бранат своите поседи во Хелада, ни Антигонидите не биле во можност да ја продолжат политиката на Филип II кон Илирија. Меѓутоа, најважната причина е тоа што со освојувањата на Пир на север од Епир, епирската монархија ја презела улогата на Македонија како браник од илирските

[276] За борбите меѓу Касандар и Главкија *v.* Diod., xix.67.6-7., 70.7., 89.1-2. Кабан 1996: 108ff.

налети. Сè додека епирските владетели биле во можност да го спречат илирското ширење на југ, македонската граница во тој правец била сигурна (*cf.* Dell 1970: 122ff.). Според тоа, воопшто и не изненадува што односите меѓу Македонија и Илирија повторно се интензивираат токму во периодот кога доаѓа до политичка криза и слабеење на Епир, што на крајот ќе резултира со падот на монархијата.

Имено, со оглед на кризата во Епир, уште од почетокот на своето владеење, Деметриј II бил втурнат во војна против главните сили во Хелада – Ајтолскиот и Ахајскиот сојуз.[277] И покрај првичните успеси, поради засилениот притисок од Дарданија, Деметриј II морал да ги сврти своето внимание и енергија кон северната граница на Македонија (Liv., xxxi.28-1-2; Trog., *Prol.*, 28). Падот на епирската монархија и преокупираноста на Деметриј II со дарданската опасност им овозможила на Ајтолците повторно да навлезат во Акарнанија (*v.* Hammond 1967: 591f.). Овие од своја страна побарале помош од Деметриј, кој, пак, поради војната со Дарданците не можел да им притекне на помош. Во тие услови, Деметриј II презел чекор што ќе има далекосежни последици и за Македонија и за Илирија. Имено, тој му платил на илирскиот владетел Агрон за да им помогне на Акарнанците. Илирската сила од околу 5.000 војници блескаво си ја завршила работата и им нанела тежок пораз на Ајтолците кои го опсадувале градот Медеон (Polyb., ii.2.4-3. *cf.* Walbank 1957, ad loc.). Овој успех на Илирите создал сосема нова ситуација што во крајна линија и не била поволна за Македонија. Меѓутоа, за значењето и последиците од оваа победа ќе стане збор понатаму. Во оваа прилика, доволно е само да се истакне еден проблем што, за жал, е резултат на делата на современите историчари. Имено, дел од оние што се занимаваат со оваа проблематика претпоставуваат дека Деметриј II и Агрон биле сојузници (*e.g.* Holleaux 1928: 833; Hammond 1968: 7-8; Папазоглу 1988: 152 n.32; Adams 2010: 223). Меѓутоа, текстот на Полибиј е повеќе од јасен: οὗτος ὑπὸ Δημητρίου τοῦ Φιλίππου πατρὸς πεισθεὶς χρήμασιν ὑπέσχετο βοηθήσειν Μεδιωνίοις ὑπ᾽ Αἰτωλῶν πολιορκουμένοις (Polyb., ii.2.5). Затоа нема никаква потреба од комплицирање на целата ситуација и инсистирање на евентуален сојуз меѓу Агрон и Деметриј II, кој воопшто не е споменат во изворите. Впрочем, сама за себе, постапката на Деметриј II не претставува ништо ново – уште од времето на Александар III

[277] За војната на Деметриј *v.* WALBANK *in* HAMMOND & WALBANK 1988: 324ff; SCHOLTEN 2000: ch.4.

илирските наемници биле дел од македонската војска, а понекогаш дури и дел од гарнизоните и во основа по ништо не се разликува од постапката на Пердика II, кој за борбата против Арабај од Линкестида ги најмил Илирите (Thuk., iv.124-8). M. Оло секако е во право кога вели дека повеќе фактори влијаеле врз приближувањето меѓу Агрон и Деметриј II (Holleaux 1928: 828), меѓутоа тоа не значи и дека влегле во сојуз. Можеме да претпоставиме дека во дадениот момент, договорот за најмување бил задоволителен и за двете страни и нема потреба да се оди подалеку од тоа (*cf.* Eckstein 2008: 64f; Will 1979: 353).[278]

Набргу по повлекувањето на Илирите од Медеон, Агрон умрел,[279] а две години подоцна умрел и Деметриј II.[280] Во истата 229 г. ст.е. доаѓа до првата интервенција на Римјаните на источната страна на Јадранското Море, позната како I Римско-илирска војна. Со оглед на новонастанатата ситуација во Илирија, како последица на римската интервенција и сериозната криза во која западнала Македонија по смртта на Деметриј II, не изненадува што неколку години по ред повторно нема никакво споменување за односите меѓу двете кралства.

Нова соработка меѓу двете страни се споменува во 222 г. ст.е., кога еден илирски одред под водство на Деметриј од Фарос ќе учествува во битката кај Селасија на страната на Антигон Досон. Статусот на Деметриј од Фарос е уште еден проблем за кој нема согласност меѓу современите историчари. Имено, според некои, тој бил само уште еден платеник во служба на македонскиот крал; според други, сојузник на Антигон Досон; додека, пак, некои одат дотаму што мислат дека тој бил примен во Хеленската симахија – новата организација формирана од Досон. Проблемот произлегува од различното толкување на еден пасус на Полибиј, каде што се набројува војската на Антигон Досон пред битката кај Селасија. Целата војска на Досон, Полибиј ја распределува во неколку категории: (1) македонски сили, (2) Агријани, (3) Гали, (4) наемници, (5) Ахајци, (6) одред од Мегалопол, (7) сојузници, каде што на крајот се вброени и 1.600 Илири под водство на Деметриј од Фарос (Polyb., ii.65.1-5).

Некои историчари сметаат дека Деметриј бил платеник а не сојузник (Dell 1967: 103; Edson 1957: 208 n.10; Tarn 1913: 425f; Eckstein 2008: 64f).

---

[278] За слични постапки на најмување кај Антигонидите *v.* WALBANK 1957: 154.
[279] За разликите во изворите за времето кога умрел Агрон *v.* КАБАН 1996: 189.
[280] За датумот *v.* WALBANK 1957: 238; ID. 1967: 631f.

Според Х. Дел, проблемот е во набројувањето на Полибиј, кој погрешно ги вброил Илирите меѓу сојузниците. Како доказ за тоа дека Полибиј при набројувањето е небрежен, поради што и не би можело на ова сведоштво да му се даде преголема тежина, е фактот што Ахајците и Мегалопол се наведени одделно од другите членови на Симахијата (Dell 1967: 103 n.31; Eckstein 2008: 65). Ваквото толкување воопшто не е убедливо и во одредена мера претставува недоволно разбирање на намерата на Полибиј. Имено, од формален аспект, Х. Дел е сосема во право и доколку Полибиј се држел стриктно до критериумот на поделба на целата војска, навистина би очекувале Ахајците и Мегалопол да бидат вброени меѓу другите членки на Симахијата. Кога би станувало збор за некој друг историограф, ваквото толкување можеби и би можело да се прифати. Меѓутоа, доволно е во оваа прилика само да се потсетиме на еден мошне сериозен став искажан од Полибиј, кој вели дека е дозволено историографот да покажува пристрасност кон својата татковина (Polyb., xvi.14.6). Според тоа, од Полибиј, кој бил од Мегалопол, а подоцна имал и истакната улога во политиката на Ахајскиот сојуз, сосема е очекувано што во целото пребројување ги издвоил своите Ахајци и својот роден град. На тој начин, тој се обидува да им даде посебно место меѓу членките на Симахијата, односно да ги стави рамо до рамо со Македонците, како најважни членови на новата организација. Според тоа, аргументот на Х. Дел дека Полибиј во оваа прилика е небрежен и пишува набрзина не треба да се прифати; мотивите и целите на Полибиј се повеќе од очигледни и не влијаат врз подредувањето на Илирите со другите сојузници (*cf.* Hammond 1968: 10 n.37).

С. Ле Боек пак, тргнувајќи од набројувањето на Илирите меѓу сојузниците, заклучува дека тие биле не само сојузници на Антигон, туку и членови на Хеленската симахија (Le Bohec 1993: 386f). Како што може да се забележи, од подредувањето кај Полибиј навистина се стекнува таков впечаток и кога тоа би била единствена информација за односите меѓу Деметриј од Фарос и Антигон Досон, би била сосема прифатлива.[281] Меѓутоа, има неколку сериозни проблеми што не дозволуваат прифаќање на ваквото мислење. Пред сè, мора да се истакне дека при донесувањето

[281] КАБАН 1996: 203 е резервиран во однос на заклучокот на Ле Боек, од причина што прифаќањето на Илирите во Хеленската симахија би претставувало внесување на „туѓо тело“ со еден сојуз што е пред сè свртен кон собирање на Хелените. Ваквите резерви се непотребни од едноставна причина што само неколку години подоцна Скердилаида навистина ќе биде вклучен во Симахијата (Polyb., iv.29.7) .

на одлуките во Симахијата – барем оние што ни се познати – никогаш не се споменуваат илирски делегати.[282] Со оглед на понатамошните настани, односно II Римско-илирска војна, ова и не изненадува, па и не може да се земе како клучен аргумент против теоријата на Ле Боек. Меѓутоа, само две години подоцна Деметриј, заедно со Скердилаида, го презема познатиот поморски поход јужно од Лисос. Една од првите дестинации, каде што се истовариле и чија околина ја ограбиле бил Пилос (Polyb., iv.16.6-7). Меѓутоа, во тоа време Пилос бил во рацете на Ахајците (Walbank 1957: 453; Eckstein 2008: 65 n.157. *contra* Coppola 1993: 80f.). Молкот на Полибиј во оваа ситуација ми се чини одлучувачки. Имено, тој само кратко забележува дека Деметриј и Скердилаида се вкотвиле во Пилос, презеле неколку неуспешни напади и потоа се разделиле. Презирот на Полибиј кон Деметриј е добро познат – во секоја прилика што му се дава, мегалополскиот историограф со уживање и (често) со преувеличување зборува за недостатоците и злобната природа на Деметриј. Според тоа, доколку Деметриј навистина бил вклучен во Симахијата во 222 г. ст.е., а само две години подоцна нападнал територија на друга членка, и тоа ни повеќе ни помалку туку на Ахајците, едноставно е неверојатно дека Полибиј би ја пропуштил можноста уште еднаш да нè потсети на неговиот превртлив карактер. Идејата, пак, дека на овој напад на Деметриј и Скердилаида не треба да му се придаде антиахајски карактер (Кабан 1996: 203), а според тоа и дека не бил на штета на Симахијата, едноставно е неприфатлива. На собранието кога е изгласана војна против Ајтолскиот сојуз, токму Ахајците се тие што, меѓу другите поплаки, се жалат што Ајтолците заедно со Илирите го нападнале Пилос, со намера целосно да го уништат (Polyb., iv.25.4). На крајот, доколку Деметриј навистина бил член на Симахијата, би очекувале Родос - секогаш чувствителен на нарушувањето на сигурноста и трговските патишта во Егејот - кој на крајот бил принуден да интервенира и да го потисне Деметриј од Кикладите, барем дипломатски да приговори на тоа што член на Симахијата презел гусарски напад на Кикладите. Според сè

[282] Така на пример, кога Ахајците испраќаат пратеници кај сојузниците со барање да се одобри вклучувањето на Месенија во Симахијата, тие одат кај Филип, Епирците, Фокидците, Бојотиците и Акарнанците (Polyb., iv.15.1). Навистина, во овој случај не се споменати ниту Тесалците, ниту Евбојците, меѓутоа со оглед на нивната директна потчинетост на Македонија, ова и не изненадува. Исто така, на собранието кога е објавена војна на Ајтолскиот сојуз, Илирите повторно не се споменуваат (Polyb., iv.25).

што беше кажано, се чини дека идејата Деметриј од Фарос да бил вклучен во Хеленската симахија е најмалку веројатна од сите.

Од друга страна, тоа не ја исклучува сосема можноста дека Деметриј, иако не бил член на Симахијата, сепак бил сојузник на Антигон и токму оваа теорија се чини има најмногу приврзаници (Holleaux 1928: 845; Badian 1958: 45; Cabanes 1976: 225f, 238 n.191; Hammond 1968: 10; Fine 1936: 30; Walbank 1957: 275). Доколку тргнеме само од списокот кај Полибиј, ваквото мислење изгледа најприфатливо. Меѓутоа, мора да се истакне дека и ваквото толкување има слабости. Прво, тука повторно го имаме молкот на Полибиј во однос на нападот на Деметриј и Скердилаида на Пилос. Зашто тој колку што го презира Деметриј, уште *понепри*јателски е расположен кон Филип V, така што доколку во тој момент тие биле во сојуз, Полибиј не би ја пропуштил можноста да го нападне македонскиот владетел и да го искористи овој настан како уште еден аргумент за неговата дволичност и непостојаност. Исто толку индикативен е и описот за пребегнувањето на Деметриј кај Филип во 219 г. ст.е., каде воопшто нема никакво споменување на евентуален сојуз меѓу двете страни (Polyb., iii.19). Ваквиот впечаток може да се поткрепи и со тврдењето на Полибиј, кој вели дека Деметриј успехот во своите планови го темелел на пријателството со домот на Антигонидите, бидејќи неколку години претходно зел учество во војнта на Антигон против Деметриј.[283] Доколку во тоа време имало сојуз меѓу Деметриј и Антигон, Полибиј тоа бездруго би го споменал, наместо само да го спомене неговото учество во војната против Клеомен (Dell 1967: 103 n.31; *cf.* Eckstein 2008: 65). Поради тоа не сум убеден дека Деметриј бил формален сојузник на Антигон Досон во времето на битката кај Селасија.

Воопшто не се сомневам дека Деметриј бил платен за своите услуги во 222 г. ст.е.[284] Меѓутоа, мора да се прифати дека со тоа не е решен проблемот со списокот кај Полибиј. Дури и да прифатиме дека има

[283] Polyb., iii.16.3: πάσας δ᾽ ἔχοντα τὰς ἐλπίδας ἐν τῇ Μακεδόνων οἰκίᾳ διὰ τὸ συμπεπολεμηκέναι καὶ μετεσχηκέναι τῶν πρὸς Κλεομένη κινδύνων Ἀντιγόνῳ κτλ.

[284] Критиката на CABANES 1976: 238 n.191 дека улогата што Х. Дел му ја доделува на Деметриј од Фарос е под неговото достоинство како заштитник на Пинес не е прифатлива. Дури и да не го земеме предвид примерот на Агрон, кој како што видовме, иако владетел сепак фактички како наемник испратил помош за Медеон, најмувањето на Скердилаида, прво од Ајтолците во 220 г. ст.е., а потоа и од Филип V, јасно покажува дека дури и највлијателните илирски водачи немале проблем да преземат наемнички потфати.

грешки во набројувањето кај Полибиј, за што како пример можеби може да послужи издвојувањето на Галите од другите платеници,[285] зошто Илирите се набројани на крајот, заедно со сојузниците? Без детално да го образложи мислењето, Ф. Волбанк остава место и за можноста дека Деметриј едноставно бил *xenos* на Антигон Досон (Walbank *in* Hammond & Walbank 1988: 357). Иако и ова мислење не ги решава докрај контрадикторните информации кај Полибиј, сепак врз основа на сè што знаеме, ми се чини најверојатно. Ако ништо друго, објаснува зошто Деметриј не е вбројан меѓу платениците – иако несомнено платен за своите услуги, тој сепак не бил обичен платеник. Исто така, овозможува и да се прифати очигледната блискост меѓу Деметриј и Антигонидите, без притоа да се инсистира на сојуз, со што е и полесно да се објасни нападот на Пилос. Со оглед на расположливите информации, тешко дека која било од теориите во скоро време ќе биде општоприфатена. Во крајна линија, формалниот статус на Деметриј и не е до толку важен за нашава тема. Тоа што е важно да се истакне е дека очигледно и по I Римско-илирска војна и падот на Теута, Антигон Досон повторно воспоставил пријателски односи барем со Деметриј од Фарос, во тоа време водечката личност во Илирија.

Меѓутоа, блискоста со Деметриј не значела и пријателски односи со сите Илири. Впрочем само неколку денови по славната победа кај Селасија, Досон бил принуден итно да се врати во Македонија, која се нашла на удар на голем илирски напад (Plut., *Kleom*., 30; Polyb., iii.70.1, 4-6). Дека станувало збор за масовен и сериозен напад, а не само за уште еден пљачкосувачки поход во отсуство на кралот, говори фактот што присуството на Антигон и војската што ја повел со себе на Пелопонез било неопходно, иако голем дел од македонската војска воопшто не ни учествувал во војната со Клеомен.[286] Потврда за ова е Плутарх, кој вели

---

[285] Овде го прифаќам толкувањето на Griffith 1935: 70, според кого Галите и Агријаните се издвоени од другите наемници затоа што биле различно вооружени од вообичаените платеници, кои се наведени само како μισθοφόροι. *contra* Launey 1949-50:517.

[286] Кај Селасија Антигон распоредил околу 13.300 македонски војници. Доколку се спореди со бројноста на војската што подоцна Филип V и Персеј ќе можат да ја употребат, може да се заклучи дека во времето на отсуството на Антигон на Пелопонез, војската оставена во Македонија била најмалку исто толку бројна како и онаа што заминала со Антигон. Од друга страна, фактот што Антигон со себе водел 10.000 фалангити, најверојатно значи дека во Македонија немало доволен број војници од овој род за да можат да излезат на крај со Илирите, што е уште показател дека станувало збор за организиран напад.

дека Досон ги поразил варварите во голема битка, при што непријателите претрпеле големи загуби.[287] Со оглед на големината и организираноста на нападот, мислењето на Б. Нисе дека, всушност, станувало збор за дардански, а не за илирски напад се чини примамливо (Niese 1899: 347; *cf.* Walbank 1940: 18 n.2). Меѓутоа, Ф. Папазоглу е несомнено во право кога вели дека Полибиј е секогаш внимателен во употребата на терминот Илири и затоа не е во прашање дардански, туку илирски напад (Papazoglu 1969: 114). За кој дел од Илирите станувало збор, за жал, не може да се утврди (*v.* Papazoglu 1969: 114; FIne 1936: 25; Le Bohec 1993: 466f.). Единствено може со сигурност да се каже дека не станувало збор за оние што биле под контрола на Деметриј од Фарос, што во оваа ситуација и не е баш од голема помош. Претпоставката на Џ. Фајн дека може да се исклучат и Илирите под контрола на Скердилаида, бидејќи во тоа време тој и Деметриј воделе слична политика, воопшто не е убедлива (Fine 1936: 25). Походот од 220 г. ст.е. е јасен показател дека овие двајца и тоа како биле способни да водат посебна, па дури и спротивна политика. Во секој случај, пријателството со водечкиот илирски државник во тоа време не значело и гаранција за безбедноста на македонските граници. Оние полидинасти, кои претходно ѝ задавале проблеми на Теута, а подоцна и на Скердилаида (Polyb., ii.6.4. (Теута), v.4.3. (Скердилаида)), очигледно биле способни за водење на сопствена политика и организирање на сопствени походи.

Најдобро сведоштво за разединетоста на илирските првенци е походот на Деметриј и Скердилаида во 220 г. ст.е. Имено, набргу по битката со Илирите, Досон умрел[288] и бил наследен од Филип V, кој веднаш бил втурнат во војна против Ајтолскиот сојуз, позната како Сојузничката војна. Непосредно пред почетокот на оваа војна, Деметриј и Скердилаида со 90 лемби запловиле јужно од Лисос. Веќе беше споменато дека нивна прва цел бил Пилос. По овој неуспех, Деметриј се упатил кон Егејот, а Скердилаида кон Навпакт, каде што се согласил заедно со Ајтолците да ја нападне Ахаја, по што веднаш уследил нападот на Кинајта (Polyb., iv.16.9-11). Меѓутоа, бидејќи Ајтолците не го почитувале договорот, односно не му предале дел од договорениот плен, Скердилаида наскоро ќе го смени таборот. Во меѓувреме, Деметриј непречено ги ограбувал Кикладите, сè

[287] *cf.* Polyb., iii.70.6: καταλαβὼν δὲ τοὺς Ἰλλυριοὺς ἐν τῇ χώρᾳ καὶ συμβαλὼν ἐκ παρατάξεως τῇ μὲν μάχῃ κατώρθωσε.

[288] За датумот *v.* WALBANK *in* HAMMOND & WALBANK 1988: 362; LE BOHEC 1993: 467.

додека под притисок на родоската флота не бил принуден да се повлече во Кенхреа. Тука се договорил со Таврион – македонскиот намесник одговорен за Пелопонез – да тргне во потера по Ајтолците, а во замена неговите лемби да бидат префрлени преку Истам на македонски трошок. Деметриј не успеал да ги пресретне Ајтолците и по кратко пустошење на некои приморски предели, се вратил во Коринт (Polyb., iv.19.7-9).

Така, во еден чуден развој на настаните, Илирите под контрола на Деметриј застанале на страната на Филип, додека, пак, делот под Скердилаида, барем за момент на страната на неговите противници. Навистина, Сојузничката војна сè уште не била официјално започната, меѓутоа со застанувањето на страната на Ајтолците и учеството во нападот на Ахаја, најважната членка на Симахијата по Македонија, Скердилаида фактички влегол во војна со Филип. Се разбира, во целата оваа ситуација не треба да се бараат некакви политички и идеолошки мотиви – и Деметриј и Скердилаида ги преземале своите потфати и ги менувале своите планови според свое видување за тоа како да се стекне што е можно поголем плен (*v.* Eckstein 2008: 64f; *cf.* Кабан 1996: 204).

Настаните од 220 г. ст.е. најдобро покажуваат дека во овој период не може да стане збор за јасно дефиниран и еднодушен правец на дејствување на Илирите во однос на Македонија. Колку ваквата состојба претставувала иритација за Филип, и дали токму во тој период треба да се бараат почетоците на неговите освојувачки амбиции кон Илирија, не може јасно да се процени. Единствен индиректен показател за такво нешто е договорот постигнат меѓу Филип и Скердилаида, есента 220 г. ст.е. (Polyb., iv.29.6-7). Имено, било договорено Скердилаида секоја година да испраќа по 30 лемби во борба против Ајтолија, за што годишно би добивал по 20 таланти.[289] Нема никаков сомнеж дека ова бил најважниот аспект од целиот договор; меѓутоа има уште две одредби што фрлаат светло врз пристапот на Филип. Прво, Скердилаида бил примен во Хеленската симахија (Polyb., iv.29.7). Претпоставувам дека со примањето на Скердилаида во Симахијата, Филип се обидувал да ги формализира односите со вториот најмоќен династ во Илирија и со тоа да обезбеди трајност и стабилност на постигнатиот договор. Втората мошне интересна

---

[289] Кабан 1996: 204, крајно несмасно, македонските финансиски обврски ги нарекува данок, иако само неколку редови понатаму сосема правилно заклучува дека исплатата од 20 таланти треба да се сфати како еден вид финансиска гаранција и исплата на дел од идниот плен. Веројатно подучен од искуството со Ајтолците, Скердилаида не сакал повторно да биде изигран.

одредба е ветувањето на Филип дека ќе му помогне на Скердилаида во борбата за власт во Илирија. Се сомневам дека ваквиот договор бил насочен против Деметриј од Фарос, кој веќе неколку години бил близок до Антигонидите. Попрво, веројатно станува збор за помош при пресметувањето со оние полидинасти кои се чини дека постојано им задавале проблеми на владетелите на Илирија (*cf.* Кабан 1996: 237 n.76).

Дали овие одредби од договорот со Скердилаида, Филип имал намера да ги искористи како изговор за поконкретно и агресивно вмешување во Илирија, или пак едноставно се обидувал да најде сојузник со чија помош би можел да ја обезбеди сигурноста на својата северозападна граница, не може да се каже, зашто сојузот речиси воопшто и не заживеал. Веќе пролетта идната година, доаѓа до третата римска интервенција на источниот брег на Јадранот, позната и како II Илирска војна, со што повторно радикално ќе биде изменет распоредот на силите.[290] Очекувано, Деметриј од Фарос не можел да му одолее на римскиот налет и по краток отпор пребегал кај Филип во Македонија. Падот на Деметриј, кој во еден момент ги обединил двата дела од кралството на Теута (Dio Cass., frg. 53; *cf.* Кабан 1996: 202), несомнено создал дополнителна конфузија и антагонизам меѓу самите Илири (*cf.* Кабан 1996: 207). Очигледно новата состојба највешто ја искористил Скердилаида, зашто по 217 г. ст.е., Пинес - наследникот на Агон – веќе не се споменува, а главниот збор отсега го води Скердилаида, наскоро придружен од својот син Плеурат (Кабан 1996: 209f.).

Борбата за превласт во Илирија го оневозможува Скердилаида да ја испрати ветената помош и во 218 г. ст.е., само 15 наместо ветените 30 *лемби* се вклучуваат во операциите на Филип против Ајтолците (Polyb., v.4.3). Со оглед на финансиските проблеми со кои се чини дека Филип се соочувал во текот на Сојузничката војна (*v.* Walbank 1940: ch.2 *passim*), ваквото неисполнување на договорот од страна на Скердилаида веројатно и не му пречело многу, бидејќи му давало изговор да не му ја исплати договорената сума. Изигран по вторпат, Скердилаида се впушта во гусарски напади на бреговите на Пелопонез, при што прва жртва се македонските бродови на Левкада, чиј екипаж неочекувано биле заробени од довчерашните сојузници, а набрзина собраната македонска флота не успева да ги претаса брзите лемби (Polyb., v.95.1-4, 101.1-2). Овој поморски препад е само увод во непријателствата меѓу Филип и

[290] За урамнотежен и концизен приказ на I и II Илирска војна *v.* Errington 1989: 85ff.

Скердилаида. Имено, токму кога Филип постигнува договор со Ајтолците за завршување на Сојузничката војна, Скердилаида навлегува и освојува повеќе места во Дасаретија, а потоа и Пелагонија.[291] Но, придобивките се краткотрајни, зашто со склучувањето на мирот во Навпакт, македонските сили се слободни за да дејствуваат врз северната граница. Филип не само што ги враќа загубените места туку и самиот навлегува на територијата на Скердилаида (Polyb., v.108. *pace* Walbank 1940: 68f.). Но, тука не запираат активностите на Филип, зашто во текот на зимата 217/6 г. ст.е., тој подготвува флота од 100 лемби за дејствување по јонското и јадранското крајбрежје. Веќе во 216 г. ст.е. тој тргнува кон Аполонија, пред забрзано да се повлече поради веста дека се приближуваат римски пентери. Бидејќи во оваа прилика не може детално да се образложи проблемот со плановите на Филип V во 216 г. ст.е., можам само да го дадам заклучокот што ќе биде образложен на друго место. Нема сомнение дека целта на Филип навистина била Аполонија, меѓутоа, тоа не значи и дека главна цел бил римскиот „протекторат" – термин несреќно избран од М. Оло, што создава сосема погрешна слика за состојбите во Илирија и римското присуство.[292] Всушност, Аполонија веројатно била избрана од Филип бидејќи била поволна како отскочна даска за понатамошни поморски операции против лембите на Скердилаида, кои претставувале главна закана за македонските сојузници покрај јонското крајбрежје.[293]

Така, сојузот меѓу Скердилаида и Филип на крајот ќе доведе до отворена војна меѓу двете страни. Иако одговорот на Филип на илирските напади е невообичаено жесток, нема потреба да се прифати мислењето дека станува збор за демонстрација на сила пред сè, насочена кон Римјаните кои, според некои историчари, стоеле зад нападот на Скердилаида.[294] Македонските владетели секогаш биле особено

---

[291] GRUEN 1984: 374f. претпоставува дека токму навлегувањето на Скердилаида во горна Македонија е причина за Филип да побрза да склучи мир со Ајтолците. Ваквото толкување е неприфатливо од едноставна причина што Филип дознал за нападот на Скердилаида по постигнувањето на мирот во Навпакт.

[292] За детална и убедлива критика на концептот за римски протекторат во Илирија v. ECKSTEIN 2008: 42ff.

[293] *cf.* HAMMOND 1968: 17 за стратешкото значење на Аполонија.

[294] Како што, на пример, мисли HOLLEAUX 1928: 855. Иако по малку резервирано, се чини дека теоријата ја прифаќаат и КАБАН 1996: 209f. и WALBANK 1940: 68. Меѓутоа, во изворите нема никаков показател за евентуална поврзаност меѓу Рим и нападите на Скердилаида. Доколку се земе предвид општата политичка ситуација во западното Средоземје, односно избувнувањето на II Пунска војна и низата порази што Ханибал

загрижени за сигурноста и одбраната на северната, т.е. северозападната граница. Меѓутоа, се чини дека пречесто се заборава еден крајно очигледен, а мошне суштествен факт: не станувало збор само за вообичаени гусарски и пљачкашки походи, што и не било некоја новина, туку за напад од страна на еден член на Хеленската симахија. Непосредно по завршувањето на Сојузничката војна, ваквиот пример на членка што не само што се отцепила, туку и се дрзнала отворено да го нападне хегемонот на Симахија претставувал сериозен предизвик за Филип, кој доколку не одговорел соодветно, би им дал пример на некои од помалку ревносните членки дека волјата на македонскиот крал може и да се игнорира. Во одредена смисла, а притоа секако водејќи сметка за сите разлики во организацијата на сојузите и моменталните прилики, би можело да се каже дека нападот на Скердилаида го ставил Филип пред истиот испит пред кој се нашла Атина, како водач на Делоскиот сојуз, кога Тасос дигнал бунт и се обидел да ја напушти организацијата. Во ситуација кога Ајтолскиот сојуз, барем технички, бил победен, но во никој случај и воено поразен, ваквиот знак на слабост кај Филип – хегемонот на Симахија – бил неприфатлив. Затоа ми се чини дека грижата за безбедноста на северната граница, како и неопходноста да се покажат цврстина и одлучност за да се одржат угледот и влијанието меѓу членките *на Симахијата* – тело што ја овозможувало и одржувало македонската доминација во Хелада – се сосема доволни причини за да се објаснат невообичаената агресивност и активност на Филип.

2.

Со првиот неуспешен обид за освојување на Аполонија, фактички завршува времето на независните македонско-илирски односи, а со тоа и прегледот на настаните во овој труд. Секако, борбите меѓу Филип и Скердилаида ќе продолжат, особено во првата фаза од I Римско-македонска војна, меѓутоа, тие веќе не претставуваат засебна целина, туку се дел од многу поголемиот судир меѓу Македонија и Рим. Како што може да се забележи и во овој период, односите меѓу Македонија и Илирија по многу нешта наликуваат на оние од IV век ст.е. Иако во почетокот пријателски, во моментот кога интересите на двете држави непосредно ќе се вкрстат, доаѓа до нови судири, што и не е нешто ново, ниту пак

веќе им ги нанел на Римјаните, се чини мошне неверојатно дека тие сакале во исто време да го испровоцираат и Филип V.

неочекувано. Меѓутоа, суштествената разлика во односите од IV и крајот на III век ст.е. е во тоа што во овој период, речиси уште од самиот почеток, овие односи – било пријателски или, пак, непријателски – се развиваат во сенката на големата сила што се издигала од другата страна на Јадранското Море. Затоа, во следниот дел би се задржал на еден конкретен пример што убаво сведочи за тоа колку постапките на Македонија и Илирија, иако водени исклучиво од своите моментални цели и интереси на јужниот Балкан, всушност, ќе влијаат врз политиката на Рим, пред сè, кон источното јадранско крајбрежје.

Од очигледните настани што се наметнуваат како најдобри примери за нашава тема секако се пребегнувањето на Деметриј од Фарос кај Филип и неговото влијание врз младиот крал; и особено одлуката на Филип во 216 да се обиде да ја освои Аполонија. Меѓутоа, односите меѓу Филип и Деметриј, во основа, излегуваат од рамките на оваа тема со оглед на тоа што Деметриј на дворот на Антигонидите немал никаква официјална функција, ниту, пак, бил претставник на Илирите, туку едноставно бил бегалец кој се водел од своите лични амбиции и цели. Од друга страна, за јасно претставување на мотивите и целите на Филип при нападот на Аполонија, би било неопходно детално да се образложи и природата на римското присуство во Илирија, почнувајќи од I Римско-илирска војна, што ценам дека непотребно и премногу би нè оддалечило од сегашнава тема. Поради тоа, во оваа прилика ќе се задржам на значењето на првиот контакт меѓу Антигонидите и Илирите, односно најмувањето на Агрон од страна на Деметриј II.

За извонредното значење на првата римска интервенција на источното јадранско крајбрежје сведочи и фактот што Полибиј – нашиот главен извор за овој период – решава да ја започне својата *Историја* токму од 140. Олимпијада, зашто токму оттогаш доаѓа до *symploke* – проткајување на собитијата низ целиот Медитеран (Polyb., i.3.1-6). Проценката на Полибиј е, најблаго кажано, проблематична, не само од аспект на политичките случувања, туку и од аспект на неговите сопствени сфаќања за тоа што претставува *symploke*.[295] За вистинско *symploke* би можело да стане збор дури од 197 г. ст.е., или уште подобро од 188 г. ст.е., по битката кај Магнесија (*cf.* Errington 2008: 163f.). Ова прашање, во

[295] За значењето на *symploke* кај Полибиј *v.* WALBANK 1975, кој во одредена мера се обидува теоретски да го објасни, ако не и одбрани, ставот на Полибиј. *cf.* PÉDECH 1964: 507.

суштина, и воопшто не е важно за нашава тема, па сепак, ценам дека беше важно да се спомене од причина што ни овозможува да видиме колкаво значење Полибиј придавал на I Римско-илирска војна. Имено, како што може да се забележи, таа не спаѓа во периодот кога започнува *sympioke*; попрво, како што забележува Полибиј, првата римска интервенција на Истокот претставува *epiploke* – поврзување на настаните во Италија и Балканот (Polyb., ii.12.7. *cf.* Walbank 1957: 153). Така, иако временската определба на Полибиј за почетокот на *symploke* е во суштина погрешна, неговата забелешка дека I Римско-илирска војна претставува *epiploke* е сосема наместо. Како што ќе покажат настаните, иако не било неизбежно, големите судири меѓу Рим и хеленистичките монархии на почетокот на II век ст.е., всушност, се условени од римската интервенција во 229 г. ст.е.

3.

Ставовите и толкувањата на Полибиј се добропознати и обработени во современата наука. Прашањето што, всушност, се поставува е каква е воопшто поврзаноста во односите меѓу Македонија и Илирија и I Римско-илирска војна. Мислам дека клучот се крие во фактот што токму во 229 г. ст.е. Рим конечно се решава да интервенира против Илирите. Имено, од Полибиј дознаваме дека илирските напади и претходно достигнувале дури до Пелопонез (Polyb., ii.5.1-2. *cf.* Paus., iv.35.5-7).[296] Меѓу другото, тие имале обичај да ги ограбуваат и римските трговски бродови, но сè до 229 г. ст.е., Сенатот не презел ништо и покрај поплаките од трговците (Polyb., ii.8.1-3). Според тоа, ниту желбата да се исчисти Јадранското Море од гусарите, ниту, пак, желбата да се заштитат интересите на трговците, очигледно не играле пресудна улога во одлуката на Рим да интервенира против Илирите. Исто толку е неверојатно дека и проблематичното пратеништво од 230 г.ст.е. имало голема улога во одлуката на Рим (Gruen 1984, 364ff. *cf.* Harris 1979, 195. *contra* Badian 1952, 75). Уште помалку е веројатно дека тргнувајќи против Илирија, Рим, всушност, се подготвувал за судир со Македонија. Ваквата теорија поаѓа не само од погрешното сфаќање за природата на римското присуство во Илирија по 229 г.ст.е., туку и од комплетно игнорирање на состојбите во Македонија околу 229 г.ст.е., кога по поразот од Дарданците, смртта на Деметриј II, ослободувањето на Атина и бунтот во Тесалија, кралството западнало во

[296] За илирските гусарски активности *v.* DELL 1967a; КАБАН 1996: 185ff.; DE SOUZA 1999: 76ff.

најтешката криза уште од времето кога Пердика III загинал во битката со Бардилис.

Всушност, целите на Рим може мошне лесно да се откријат доколку се следи неговото дејствување во 229 г. ст.е.[297] Имено, иако главнината на илирските сили била сконцентрирана на опсадата на Иса, конзулите прво се упатуваат кон Коркира, која благодарение на предавството на Деметриј од Фарос, веднаш преминува на страната на Рим. Оттука заминуваат за Аполонија и ги изгонуваат Илирите од околината на Епидамнос. Дури откако областите околу Отрантските порти биле осигурани, Римјаните се упатуваат кон Иса. По овие успеси, едниот консул со главнината од војската се повлекува, додека, пак, Постумиј останува во Илирија за да го организира договорот со Теута. Од движењето на римската војска, сосема е очигледно дека јадрото на Илирија воопшто не било цел на консулите.[298] Нивната прва и несомнено главна задача било обезбедување на подрачјето спроти Брундисиј (Holleaux 1928: 834f.).

Ова повторно нè враќа на прашањето, зошто токму во 229 г. ст.е.? Одговорот се крие во илирските активности во периодот 231-229 г.ст.е. Имено, победата кај Медеон е само почеток на навистина краткотрајното, но сепак мошне интензивно вмешување на Илирите во Хелада. П. Кабан несомнено е во право кога истакнува дека станува збор за една победа од нов вид, што ги зголемува апетитите на Илирите (Кабан 1996: 185). Следната година Теута (или, пак, Агрон, доколку го претпочитаме приказот на Апијан) ги испраќа лембите да ги ограбуваат бреговите на Елида и Месенија. Истовремено, благодарение на предавството на келтскиот гарнизон, и Фојника паѓа во рацете на Илирите. Засилени со 5.000 војници водени од Скердилаида, Илирите им нанесуваат тежок пораз на Епирците, кои се принудени да бараат помош од двете главни сили во Хелада – Ахајскиот и Ајтолскиот сојуз. Иако војските се стројат една наспроти друга, до битка не доаѓа бидејќи Теута итно го отповикува Скердилаида, поради внатрешни проблеми. Каков впечаток оставила оваа демонстрација на сила меѓу Хелените, најдобро говори фактот што и

[297] Главни извори за I Римско-илирска војна се Полибиј (ii.2-12) и Апијан (*Ill.*, 7.17-8.22), чии прикази – барем што се однесува до поводот и причините за војната – се неусогласливи. *v.* WALBANK 1957: 153ff; DEROW 1973.

[298] Во овој краток преглед на I Римско-илирска војна ги следам урамнотежените прикази на ERRINGTON 1989: 86ff. и особено DE SOUZA 1999: 76ff. *cf.* HARRIS 1979: 195ff. GRUEN 1984: 359ff., иако во својата анализа дава некои интересни заклучоци, сепак го прикажува пристапот на Рим претерано алтруистички и неагресивен.

Епирците и Акарнанците сега склучуваат сојуз со Илирите, против Ахајците и Ајтолците (Polyb., ii.6.9). Значењето на овој настан не смее да се потцени; сојузот со Акарнанија и Епир значел дека Илирите фактички го контролираат речиси целото крајбрежје наспроти источната страна на Апенинскиот Полуостров.[299] Илирската агресија го достигнува врвот во 229 г.ст.е., кога истовремено се нападнати Епидамнос, Аполонија и Коркира, што ќе кулминира со поморската победа кај Паксос над здружените ахајско-ајтолски сили. Дури тогаш конечно доаѓа до интервенција на римската војска, со што ширењето на Илирите одненадеж е прекратено.

Сега може полесно да се сфатат и римските мотиви за интервенцијата во Илирија. Нема сомнеж дека трговските интереси играле значајна улога во целата ситуација, за што сведочи и одредбата од мировниот договор, со која се забранувало пловење на повеќе од две невооружени илирски лемби јужно од Лисос. Римјаните особено биле изиритирани од односот на Илирите по освојувањето на Фојника, кога дел од нив се впуштиле во ограбување и убивање на италските трговци, додека, пак, другите биле продадени во ропство (Polyb., ii.8.2). Овој настан секако придонел Сенатот конечно да покаже поголем интерес за трговците, чии поплаки претходно ги игнорирал (*cf.* Errington 1989: 86). Меѓутоа, иако во изворите има попатно споменување на Италци кои тргувале дури и со земјите од Левант (Plut., *Arat.*; *cf.* Walbank 1963: 2ff.), се чини дека римската трговија со Истокот во овој период не била до тој степен развиена за да биде главна причина за I Римско-илирска војна. Од застапеноста на римските монети во скривалиштата од овој период, очигледно е дека како средство за размена тие не биле користени во областите на и околу источниот брег на Јадранот, со исклучок на Фојника, каде што има најмногу сведоштва за трговски врски со Западот (de Souza 1999: 80); што, пак, од друга страна го зацврстува заклучокот на Полибиј дека Римјаните не преминале толку лесно преку злоупотребата на италските трговци во Фојника. П. Дероу пак го истакнува трговското значење и на Иса, која во приказите на античките извори игра значајна улога во I Римско-илирска војна (Derow 1973: 125f.). Меѓутоа, придвижувањето на римската војска, како што веќе беше споменато, покажува дека јужното – особено областите кај Отрантските

[299] *cf.* GRUEN 1984: 364, кој истакнува дека со овој сојуз Епир и Акарнанија, фактички, веќе не можеле да бидат мета на илирските налети, што, пак, имплицира дека Теута се подготвувала за трајно зацврстување во овие области.

порти - а не северното крајбрежје било главна грижа на Рим. Сами за себе, трговските интереси на Рим и Италците едноставно не се доволни за да се земат како главен мотив за римската интервенција.

Иако античките извори, особено Полибиј, се обидуваат да изнајдат различни причини и поводи за интервенцијата, очигледно е дека и во овој случај стратешките, односно безбедносните размисли биле водечки мотив во политиката на Рим (De Souza 1999: 80). Во одредена смисла, истите принципи што ќе ги наведат Римјаните да ги освојат Корзика и Сардинија по завршувањето на I Пунска војна, ќе ги принудат и да интервенираат и во Илирија (*cf.* Errington 1989: 88). Навидум ваквото толкување, а особено споредбата со Картагина, може да се чинат несоодветнi; зашто јасно е дека економскиот и воениот потенцијал на Илирите не може да се мери со оној на моќниот фојникиски град. Меѓутоа, мора да се истакнат два фактора што ја оправдуваат оваа претпоставка. Прво, со оглед на низата победи во последните три години, Илирите мора да дејствувале како многу посериозен противник одошто навистина биле. Може да се претпостави дека особено била импресивна победата во 231 г.ст.е. против Ајтолците, кои со право се гордееле со фактот дека се единствени што успеале да ги поразат и одбијат Келтите во текот на големиот налет половина век претходно. Најдобар показател дека Римјаните ги сметале Илирите за сериозен противник е големинатa на војската испратена против нив – 20.000 пешадија, 2.000 коњица и 200 воени бродови, водени од двајцата консули. Нема потреба големината на оваа војска да се земе како доказ дека интервенцијата, всушност, индиректно била насочена против Македонија, која токму во тој миг минувала низ еден мошне сериозен и кризен период, туку попрво да се сфати како претпазлив чекор на Римјаните кои немале намера ништо да препуштат на случајноста (*v.* Badian 1952: 76f. *contra* Holleaux 1921: 102 n.3). Впрочем, кога станало очигледно дека илирскиот отпор е многу послаб од тоа што веројатно се очекувало, главнината од војската се враќа во Италија, додека едниот консул останува со 40 бродови во Илирија за да го формулира и осигура мировниот договор со Теута.

Се разбира, ова не значи дека Римјаните во овој момент ги сметале Илирите за закана рамна на Картагина; но токму во тоа е и суштината на нивната интервенција. Не станувало збор за преемптивен напад против непријател рамен на себе, туку за превентивна акција со цел воопшто да не се дозволи Илирија да се претвори во сериозна закана за Рим. Ваквиот пристап на Римјаните, колку што бил воден од генералната практика да се

обезбедуваат границите преку ослабнување на непосредните соседи, исто толку бил и резултат на искуствата од изминатиот век, и особено од кариерата на епирскиот владетел Пир. Во изминатиот век, во три наврати војски од Хелада стапнувале на Апенинскиот Полуостров.[300] Навистина, првите две експедиции воопшто не претставувале опасност за Рим, но работите стојат мошне поинаку кога станува збор за Пир. Имено, во сенка на спектакуларниот поход на Ханибал, често се заборава на походот на епирскиот владетел кој им задал огромни маки на Римјаните. Ова е дотолку поиронично, зашто се чини дека Пир, всушност, стигнал поблиску до посакуваната цел од Ханибал. Дури и по катастрофалните порази кај Трасименското Езеро и Кана, никој во Рим не помислувал на склучување мир со Картагина; напротив, доколку им веруваме на изворите, по поразите од Пир, единствено благодарение на говорот на Апиј Клавдиј, Сенатот во последен момент одбил да склучи мир со Епирецот (Plut., *Pyrrh.*, 18.4; App., *Samn.*, 10.1). Навистина, на крајот со крајни напори тој ќе биде поразен и изгонет од Италија, меѓутоа, последиците од овој поход врз психата на Римјаните не смеат да се потценат. Ако ништо друго, на Римјаните очигледно им станало јасно дека сериозна закана за безбедноста на Италија може да дојде и од исток, преку инвазија во јужна Италија (Eckstein 2006: 156; Seibert 1995: 237f.). Ова е дотолку поважно бидејќи војната со Пир била водена само половина век пред I Римско-илирска војна, а во Рим веројатно сè уште имало понекој што бил сведок на тие тешки денови, кога римската доминација на Апенинскиот Полуостров била загрозена. Дека Рим покажувал поголема грижа за безбедноста и сигурноста на овој регион е основањето на латинската колонија Брундисиј – токму наспроти Аполонија и Епидамнос – и продолжувањето на *Via Appia* од Тарент до новата колонија.

Според сето ова, може да се заклучи дека, иако економскиот фактор имал значајна улога, решението на Рим да се интервенира во Илирија било, пред сè, условено од желбата да се осигура безбедноста на јужна Италија и да се спречи издигнување на една соседна држава во рамноправна воена сила, а со тоа и реална закана.

---

300 Прво спартанскиот басилеј Архидам, потоа епирскиот владетел Александар, а по него и Пир.

4.

Сега конечно може сосема јасно и недвосмислено да се согледаат последиците од одлуката на Деметриј II да го најми Агрон против Ајтолците. Упатувајќи го Агрон кон Медеон, Деметриј, всушност, ја отворил северозападна Хелада за илирското навлегување, што, пак, од друга страна ќе ги испровоцира Римјаните; а токму со I Римско-илирска војна полека почнува да се поставува сцената за идните војни меѓу Рим и Македонија. Се разбира, Деметриј II никако не можел да предвиди дека неговата одлука ќе има такви последици. Меѓутоа, дури и кога не би бил Рим, се поставува прашањето за оправданоста и исправноста на неговата одлука. Јасно е дека станувало збор за очајничка одлука донесена во еден мошне кризен период. Па сепак, нему мора да му било јасно дека со оглед на минатите односи меѓу Илирите и Македонците, повикот до Агрон претставувал само замена на една непосредна опасност со друга, и тоа потенцијално многу поголема. Всушност, резултатот од интервенцијата на Агрон прво бил премин на Епир на страната на Ахајците и Ајтолците, односно непријателите на Деметриј II; а потоа и сојузот на Епир и Акарнанија со Илирите. Без разлика на моменталниот распоред на силите, нема сомневање дека овие сојузи претставувале навлегување на Илирите во области каде што Македонија имала веќе традиционални интереси, а според тоа и најверојатно не биле со задоволство прифатени во Пела.[301]

Се разбира, значењето на овој чекор не смее да се протолкува во погрешно светло и да се помисли дека илирското јакнење и експанзија се резултат на поканата на Деметриј II. Во моментот на поканата, иако, за жал, не знаеме во какви услови, очигледно е дека на внатрешен и на воен план Илирија веќе претставува значителна сила, кадарна веднаш да испрати 100 лемби со 5.000 војници во Акарнанија (Кабан 1996: 185). Исто така, со оглед на тоа што опсадената Иса е единствениот град од подрачјето што не бил под илирска власт, може да се заклучи дека паралелно со ширењето на југ, Илирите ја ширеле својата власт и на север (Кабан 1996: 191). Ниту, пак, како што беше споменато, најмувањето на еден илирски владетел е некаква новина. Токму од овие причини, веројатно и не се придава големо значење на постапката на Деметриј II. Меѓутоа, од една едноставна причина чекорот што го презел Деметриј II е

---

301 *contra* WALBANK 1957: 158. Потпаѓањето на Епир – кој половина век служел како брана против Илирите – практично под илирска контрола во никој случај не можело да биде задоволително за Деметриј II.

од огромно значење за понатамошната историја и на Илирите и на Македонците, а со тоа и на сите хеленистички монархии. Важноста се состои во тоа што Деметриј го дал првичниот импулс, односно нова насока на ширење на Илирите кон југ; ширење што на крајот ќе ја предизвика римската интервенција, со што, пак, ќе биде поставена основата за идниот судир меѓу Рим и Македонија. Поради тоа, Полибиј апсолутно е во право кога вели дека I Римско-илирска војна претставува *epiploke* (*cf.* Derow 2005: 51).

Се разбира, ова не значи дека евентуална војна меѓу Рим и Илирија во никој друг случај не би била неизбежна. Меѓутоа, со оглед на непристапноста на северниот дел од јадранското крајбрежје од страната на Италија, зафатеноста на Римјаните со пацификацијата на Келтите во транспаданските области, а уште поважно, постојаната затегнатост во односите со Картагина, прашање е дали би дошло до интервенција против Илирите во тој момент, доколку овие не навлегле длабоко во Епир и Акарнанија; а токму моментот кога започнува римското мешање на истокот е од огромно значење, зашто токму тогаш големите хеленистички монархии запаѓаат во криза, со што и целиот хеленистички свет во политичка смисла запаѓа во анархија – состојба што несомнено на крајот ќе го олесни римското напредување. Токму затоа, убеден сум дека најмувањето на Агрон од страна на Деметриј II, што само по себе во контекст на односите меѓу двете сили не е ниту ново ниту необично, сепак е од огромно историско значење, зашто во суштина претставува предуслов и увод во првата римска интервенција на западното крајбрежје од Балканскиот Полуостров, што поради низа причини, но и случајности на крајот ќе заврши со целосно потчинување на хеленистичките монархии.

## Литература:


Adams, W. L. 2010. Alexander's Succesors to 221 BC., *in* Roisman, J. & Worthington, I. (eds.). *A Companion to Ancient Macedonia*, Malden-Oxford-West Sussex: Wiley-Blackwell Badian, E. 1952. Notes on Roman Policy in Illyria (230-201 B.C.). *Papers of the British School at Rome*, 20.

1958. *Foreign Clientelae (264-70 B.C.)*, Oxford, Clarendon Press.

Cabanes, P. 1976. *L'Épire de la mort de Pyrrhos à la conquête romaine*, Paris, Les Belles Lettres.

1996. *За Илирите од Бардилис до Гентиј IV-II в. п.н.е.*, Скопје, Догер.

Coppola, A. 1993. *Demetrio di Faro: Un protagonista dimenticato*, Roma, "L'Erma" di Bretschneider.

de Souza, P. 1999. *Piracy in the Graeco-Roman World*, Cambridge, Cambridge University Press.

Dell, H. J. 1967. Antigonus III and Rome, *Classical Philology*, 62.

1967a. The Origin and Nature of Illyrian Piracy, *Historia*, 16.3.

1970. The Western Frontiers of the Macedonian Monarchy, *Ancient Macedonia* I, Thessalonica.

Derow, P. S. 1973. Kleemporos, *Phoenix*, 27.

2005. The Arrival of Rome: from the Illyrian Wars to the Fall of Macedon, *in* Erskine A. (ed.). *A Companion to the Hellenistic World*, Malden-Oxford-Victoria: Blackwell.

Eckstein, A. M. 2006. *Maditerranean Anarchy, Interstate War and the Rise of Rome*, Berkeley-Los Angeles-London, University of California Press.

2008. *Rome Enters the Greek East. From Anarchy to Hierarchy in the Hellenistic Mediterranean, 230-170 BC*, Malden-Oxford-Victoria, Blackwell.

Edson C. F. 1957. *review of* Piraino M. T., *Antigono Dosone, re di Macedonia*, *Classical Philology*, 52.4.

Errington, R. M. 1989. Rome and Greece to 205 B.C., *in* Astin A. E. *et al.* (eds). *The Cambridge Ancient History*², vol. 8, Cambridge, Cambridge University Press.

2008. *A History of the Hellenistic World: 323 - 30 BC*, Malden-Oxford-Victoria, Blackwell.

Fine, J. V. A. 1936. Macedon, Illyria, and Rome, 220-219 B.C., *Journal of Roman Studies*, 26.1.

Griffith, G. T. 1935. *The mercenaries of the Hellenistic World*, Cambridge, Cambridge University Press.

Gruen, E. S. 1984. *The Hellenistic world and the coming of Rome*, Berkeley-Los Angeles-London, University of California Press.

Hammond, N. G. L. 1967. *Epirus*, Oxford, Clarendon Press.

1968. Illyris, Rome and Macedon in 229-205 B.C., *Journal of Roman Studies*, 58.1-2.

Hammond, N. G. L. & Walbank, F. W. 1988. *A History of Macedonia*, vol.3, Oxford, Clarendon Press.

Harris, W. V. 1979. *War and Imperialism in Republican Rome. 327-70 B.C.*, Oxford, Clarendon Press.

Holleaux, M. 1921. *Rome, la Grèce et les monarchies hellénistiques au IIIe siècle avant J. C. (273-205)*, Paris, Anciene Libraire.

1928. The Romans in Illyria, *in* Cook S.A., Adcock F.E. & Charlesworth M.P. (eds.). *Cambridge Ancient History*, vol.7.

Launey M. 1949-50. *Recherches sur les armées hellénistiques*, Paris, E. de Boccard.

Le Bohec, S. 1993. *Antigone Dôsôn: roi de Macédoine*, Nancy, Presses Universitaires de Nancy.

Niese, B. 1899. *Geschichte der Griechischen und makedonischen Staaten seit der Schlacht bei Chaeronea: T.2*, Gotha, Friedrich Andreas Perthes.

Papazoglu, F. 1969. *Srednjobalkanska plemena u predrimsko doba*, Sarajevo, Centar za balkanološka ispitivanja.

1988: Илирска и дарданска краљевина, *in* Гарашанин М. (ed.). *Илири и Албанци*, Београд.

2007. *Iz istorije antičkog Balkana. Odabrane studije*, Beograd, Equilibrium.

Pédech, P. 1964. *La méthode historique de Polybe*, Paris, Societe d'Edition des Belles Lettres.

Scholten, J. B. 2000. *The Politics of Plunder: Aitolians and Their Koinon in the Early Hellenistic Era, 279-217 B.C.*, Berkeley-Los Angeles-London, University of California Press.

Seibert, J. 1995. Invasion aus dem Osten: Trauma, Propaganda, oder Erfindung der Römer?, *in* Schubert, C. et al. (eds.). *Rom und der griechischen Osten: Festschrift für H. H. Schmitt*, Stuttgart, Franz Steiner Verlag.

Tarn, W. W. 1913. *Antigonos Gonatas*, Oxford, Clarendon Press.

Walbank, F. W. 1940. *Philip V of Macedon*, Cambridge, Cambridge University Press.

1957. *A Historical Commentary on Polybius. vol.1*, Oxford, Clarendon Press.

1963. Polybius and Rome's Eastern Policy, *Journal of Roman Studies*, 53.1-2.

1967. *A Historical Commentary on Polybius. vol.2*, Oxford, Oxford University Press.

1975. Symploke: its role in Polybius' Histories, *Yale Classical Studies*, 24, Cambridge, Cambridge University Press.

Wehrli, C. 1969. *Antigone et Demetrios*, Gèneve, Droz.

Will, E. 1979. *Histoire politique du monde hellénistique², t.1.*, Nancy, Presses Universitaires de Nancy.

SUMMARY

## THE RELATIONS BETWEEN MACEDON AND ILLYRIA TOWARDS THE END OF THE III CENTURY BC

The aim in this paper is twofold - first, to analyze the relations between Macedon and Illyria in the last decades of the III century BC, and then to examine their influence on the Roman policy in the Adriatic in this period. In this context, the emphasis is put on the agreement between Agron and Demetrios II, which seems to have had a greater importance and unexpected consequences, than is usually maintained.

**Key words:** I Illyrian war, illyrian expansion, Demetrios II, Agron.